Финансирано од
Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ
ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ

МЗМП

ФРОНТ 21|42

# УЧЕСТВОТО И УЛОГАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПРИ ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



# УЧЕСТВОТО И УЛОГАТА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ПРИ ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Издавач:
Центар за правни истражувања и анализи

За издавачот:
Лидија Стојкова Зафировска, ЦПИА

Автор:
Марина Малиш Саздовска

Редакција:
Центар за правни истражувања и анализи

Графички дизајн:
Релатив

Оваа публикација е изработена во рамки на проектот ,,**Добро владеење во животната средина на Зелена Агенда за Западен Балкан**" , финансиран од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА


Извршно резиме ....4

Вовед ....5

Еколошки кривични дела во Република Северна Македонија ....6

Карактеристики на еколошките кривични дела....8

Законска рамка за работата на Министерството за внатрешни работи ....9

Криминалистички истраги за сузбивање на еколошки кривични дела .... 12

Анализа на организациската поставеност
во Министерството за внатрешни работи.... 16

Анализа на ефикасноста на криминалистичките истраги
во Министерството за внатрешни работи.... 18

Странски искуства во сузбивање на еколошки кривични дела....21

- Обединето Кралство ....21
- Европска Унија .... 22

Заклучоци.... 26

Препораки .... 29

Користена литература .... 33

Прилог 1: Органограм на МВР .... 34

Прилог 2: Анализа на надлежните органи за сузбивање
на еколошки криминал во Европска Унија.... 35

# Извршно резиме

Документот за Учеството и улогата на Министерството за внатрешни работи при заштитата на животната средина се однесува на конкретните мерки и активности кои министерството ги презема со цел сузбивање на еколошкиот криминалитет во Република Северна Македонија, како и на можностите за подобрување на организациската поставеност на министерството. Во документот се презентирани содржини кои се однесуваат на законската рамка согласно која министерството е надлежно да постапува за откривање, докажување и разјаснување на еколошките кривични дела, како и добри практики на странски искуства во делот на организациската поставеност. Податоците се собрани преку отворени извори на сознанија, desk research, закони и други акти од националната легислатива, обавени разговори со експерти од областа, компаративна анализа на други држави, како и досегашни публикации од областа. Исто така, од особено значење се согледувањата презентирани во документите, како Проценката на закани од организиран и сериозен криминал изработена од Бирото за јавна безбедност при МВР и др.

Врз основа на заклучните согледувања на документот, креирани се препораки кои се однесуваат на Министерството за внатрешни работи, со чија примена во нареден период во голема мера може да се зголеми ефикасноста на сузбивањето на еколошките кривични дела во земјата. Доколку се применат предложените измени во систематизацијата и работењето на министерството, ќе може да се создадат услови за вршење на квалитетни криминалистички истраги од страна на криминалистичката полиција во делот на заштитата на животната средина.

# Вовед

Покрај големиот број на кривични дела кои се во областа на насилен криминал, семејно насилство, сајбер криминал, илегална трговија со дрога, сексуални деликти, малолетничка делинквенција, имотен криминал и многу други, значаен дел од севкупната бројка на сторени кривични дела отпаѓа и на еколошките кривични дела, како во светски рамки, така и во Република Северна Македонија. Сепак анализирајќи го обемот на откриени и процесирани еколошки кривични дела наспроти неговите евидентни појавни форми и облици во секојдневието, чии сведоци се сите граѓани, може да се констатира дека *темната бројка* на овој вид на криминал е значајна. Имено, имаме мал број на докажани кривични дела со ефикасна судска завршница, а голем број на загадувања и нарушувања на животната средина и природа кои предизвикуваат штетни последици по здравјето на луѓето, но и врз животинскиот и растителниот свет.

Постојат различни поимни определувања за тоа како и на кој начин може да се дефинира еколошкиот криминал, но сепак генерално може да се дефинира како казниви поведенија на поединци и групи со кои се загрозува животната средина и природа.

Оттука, законодавецот во Кривичниот законик во Глава XXII ги предвидува и еколошките кривични дела. Тука се предвидени казниви поведенија со кои се загрозуваат сите еко системи; вода, почва и воздух, како и други кривични дела кои се однесуваат на заштита на животинскиот, растителниот свет и сл.

Со цел успешно откривање, докажување и разјаснување на еколошките кривични дела потребно е надлежните органи, континуирано и систематски да преземаат конкретни мерки и активности во рамките на нивните надлежности. Постојат повеќе надлежни органи кои во својот делокруг на работа ја имаат обврската за сузбивање на еколошки кривични дела, тоа се Министерството за внатрешни работи, Царинската управа, одделни инспекторати во рамки на министерствата и др.

Сузбивањето на еколошките кривични дела треба да биде составен дел на севкупен систем за заштита и унапредување на животната средина кој опфаќа збир од мерки и активности. Овој систем има за цел зачувување и заштита на природните и другите вредности, заштита на луѓето и природната средина од загадување, заштита од влијанието на штетните и опасни материи, јонизирачки и нејонизирачки зрачења, бучава и вибрација, заштита од уништување и деградација на природните вредности и унапредувањето на квалитет на животната средина.

Составен дел на овој систем треба да бидат сите надлежни органи, вклучително и Министерството за внатрешни работи, во рамките на своите надлежности и овластувања.

Целта и мотивот за сторување на еколошките кривични дела, најчесто е стекнување на противправна материјална корист, со што овој вид на криминал се поврзува со економскиот криминал.

# Еколошки кривични дела во Република Северна Македонија

Во Кривичниот законик во Глава XXII се предвидени казниви поведенија со кои се загрозува животната средина и природа и тие претставуваат еколошки кривични дела пропишани во националното законодавство на Република Северна Македонија. Оваа Глава постојано се надополнува со измена на постоечките и воведување на нови кривични дела согласно законските прописи на национален план, но и согласно ратификувањето на меѓународните договори и конвенции во областа на животна средина.

Со последните измени на Кривичниот законик од 2023 година, направени се измени и дополнувања кои за еколошките кривични дела стапија на сила на 15.03.2024 година.

Во Глава XXII се поместени бројни еколошки кривични дела, почнувајќи од основното кривично дело Загадувањето на животна средина и природата, каде се предвидени загрозувања на сите еко системи, па се до Недозволен лов, Недозволен риболов, Пустошење шума, Мачење животни и многу други. Со измените на Кривичниот законик се пропишува и кривичното дело Екоцид кое предвидува ,,тој што спротивно на закон, со намера да предизвика штета на животната средина, ќе преземе дејствие или ќе пропушти да преземе дејствие поради кое ќе настане сериозна или широкораспространета или долготрајна штета на животната средина, ќе се казни со казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор,,. (Кривичен законик, Сл. весник на РСМ, 2023)

Покрај Екоцид воведени се и следниве кривични дела Промена на воден режим, Недозволено работење на постројки, Уништување на живеалиште, а одредени кривични дела се дополнети заради прецизирање на казнивото поведение, како на пример Мачењето животни е изменето во Убивање и мачење животни.

Покрај кривичните дела во оваа глава, има и други кривични дела предвидени во други глави на Кривичниот законик, кои може да се третираат како кривични дела од областа на еколошкиот криминалитет. Станува збор за кривичните дела Предизвикување општа опасност (Чл. 288); Неовластено производство и промет со општоопасни материи (Чл. 295), како и други кривични дела кои можат да предизвикаат последици по здравјето на луѓето, растителниот и животинскиот свет, односно врз севкупниот жив свет воопшто.

Со последните измени дел од еколошките кривични дела беа прецизирани, беа додадени одредени ставови кои се однесуваат и на одговорноста на правните лица, а беа извршени и одредени измени во однос на висината на предвидените казни. Имено, во претходната верзија на КЗ имаше мал број на кривични дела, во рамките на кои беше предвидено покрај физичко лице, како сторител

да се јави и службено или одговорно лице во правно лице, како и правно лице. Со измените се предвидува, во најголемиот дел на кривични дела, и одговорност на правно лице, освен за кривичните дела 218-б, 221, 227, 228 и 233, и во тој случај се пропишува парична казна.

Другите измени се однесуваат и на начинот на сторување на кривичните дела т.е. се предвидува и делување на организирана криминална група. Така, за кривичното дело Неовластено ловење чување и отуѓување диви животни и птици, се предвидуваат посебни околности ако сторителот организира мрежа за извршување на делото или ако делото е сторено во состав на група или друго здружение или заради извезување на дивите животни или птици во странство, ќе се казни со затвор од најмалку четири години. За кривичното дело Загрозување на животната средина и природата со отпад, доколку е сторено од организирана група составена од три или повеќе лица сторителот ќе се казни за делото (во одредени услови) со затвор од најмалку четири години или најмалку осум години.

Исто така, друга измена во КЗ која е од особено значење е и зголемувањето на казните за одредени кривични дела или воведување на високи казни за одредени кривични дела. Така, за Екоцид е предвидена казна затвор од најмалку десет години или со доживотен затвор.

Овие измени имаат позитивен ефект во делот на криминалистичките истраги и примената на посебните истражни мерки, за чија реализација потребно е да биде пропишана казна од минимум четири години. Со ова, во голема мера, се олеснува работата на полицијата при криминалистичките истраги, бидејќи покрај останатите оперативно-тактички мерки и активности и истражни дејствија, се проширува полицискиот инструментариум и со можноста за примена на посебните истражни мерки.

# Карактеристики на еколошките кривични дела

Секој посебен вид на кривични дела има свои карактеристики кои се својствени за тој вид на криминал. Така, и еколошкиот криминал има одредени карактеристики кои се специфични, а се однесуваат на:

- Еколошкиот криминал е криминал на низок ризик и висок профит (Low risk, high profit). Тоа значи дека сторителите имаат низок ризик за нивно откривање, со можност да остварат висок профит.
- Еколошкиот криминал е многу профитабилен – може да биде профитабилен како илегалната трговија со дрога – но санкциите се многу помали и кривичните дела потешко се откриваат. Овие фактори го прават еколошкиот криминал многу атрактивен за организираните криминални групи.
- Најчестиот мотив за сторување на еколошките кривични дела е прибавување на противправна имотна корист.
- Во одреден број на случаи, еколошките кривични дела се поврзани со други кривични дела, (cross-over crime) како на пример перење пари, фалсификување документи, примање/давање поткуп и сл.
- Одредени кривични дела имаат облик на организиран криминал, како на пример Пустошењето шума.
- Во одредени случаи еколошките кривични дела во земјата имаат меѓународен карактер, односно како сторители можат да се јават и странски државјани или да имаат прекуграничен контекст. (пример: продажба на илегално сечена дрвна маса на Косово, сторители кои подметнуваат пожари во земјата со албанско државјанство и др).
- Во значителен број на случаи сторители се рецидивисти, лица кои и претходно биле сторители на овој вид на криминал.

Заради успешно спротивставување на сите видови криминални активности со кои се загрозува животната средина, надлежните органи треба да преземаат мерки и активности на стручен и професионален начин, почитувајќи ги стандардите за постапување на овластените службени лица, а се со цел успешно превенирање и откривање на еколошките кривични дела.

Како предуслов за успешно реализирање на криминалистичките истраги со кои се откриваат, докажуваат и разјаснуваат еколошките кривични дела, инспекторите во Министерството за внатрешни работи треба да бидат запознаени со законските и подзаконските акти со кои се уредува оваа материја, но и да бидат адекватно обучени за примена на оперативно-тактичките мерки и истражни дејствија во рамките на криминалистичките истраги. Исто така, покрај соодветните законски, а особено подзаконки акти за начиниот на постапување при истраги за еколошки кривични дела, потребно е да се изработат и Стандардни оперативни процедури кои во голема мера ќе им помогнат на инспекторите за успешна реализација на мерките, како и за изработка на квалитетни кривични пријави.

# Законска рамка за работата на Министерството за внатрешни работи

Постојат повеќе законски решенија со кои се уредува работата на Министерството за внатрешни работи. Согласно *Законот за внатрешни работи*, внатрешни работи, покрај останатите, се и спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела. Оттука законска обврска на инспекторите во министерството е сузбивање на сите видови на кривични дела, вклучително и еколошките кривични дела. Основно начело кое треба да се почитува од страна на вработените во министерството е начелото на законитост, како и начелата на: соодветна и правична застапеност; управување со ефектот на работниците; професионалната етика, непристрасност и објективност; транспарентност и доверливост; одговорност; спречување на судир на интереси и економично користење на средства.

Орган во состав на Министерството е Бирото за јавна безбедност кое е надлежно за вршење на внатрешните работи, како и за вршење на полициските работи утврдени со Закон за полиција. Оттука произлегува дека БЈБ е надлежно и за сузбивањето на кривичните дела, вклучително и еколошките кривични дела во земјата. Со цел ефикасно вршење на службените задачи вработените може да имаат статус на овластени службени лица со посебни должности и овластувања, или статус на полициски службеници кои применуваат полициски овластувања. Видови на организациски единици во Министерството се Оддел, Сектор, Единица, Одделение, Отсек/чета/Полициска станица/надворешна канцеларија и Полициско одделение. Организацијата и работата на Министерството (во која е инкорпориран актот на Бирото) се утврдуваат со Уредба донесена од Владата на Република Северна Македонија. Актот за Систематизација на работните места во Министерството (во кој е инкорпориран актот на Бирото) го донесува министерот со претходна согласност од Владата на Република Северна Македонија. Со овој акт се утврдуваат називот на работното место; бројот на извршители; статусот; работните компетенции за извршување на работите на работното место и описот им пописот на работните задачи и др.

Со *Законот за полиција* се уредува работата на полицијата, чија функција, помеѓу другите, е спречување и откривање казниви дела и преземање мерки за гонење на сторителите на тие дела. Законот ги дефинира и полициските работи во кои, помеѓу другото, спаѓаат и дејствија на полициските службеници кои се однесуваат на спречување на вршење кривични дела и прекршоци, отркивање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела; идентификување и потрага по непосредна и посредна имотна корист прибавена со сторено казниво дело, како и други мерки со цел сузбивање на кривични дела. Заради спречување или откривање на кривични дела и прекршоци полицијата соработува со граѓаните, државните органи, здруженија на граѓани и други правни лица.

Полицискиот службеник по службена должност или по наредба на јавниот обвинител, суд или друг орган може да преземе мерки и да применува полициски овластувања што се однесуваат на откривање на казниво дело и гонење на неговиот сторител кога постојат основи за сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело.

Основи на сомневање постојат кога Полицијата располага со сознанија кои врз основа на криминалистичко знаење и полициско искуство може да се оценат како доказ за сторено казниво дело.

Кога постојат основи на сомневање дека одредено лице подготвува, извршува или извршило кривично дело или прекршок, како и заради откривање на кривично дело или прекршок, пронаоѓање на сторителот, спречување сторителот да се скрие или побегне, да се откријат и обезбедат траги и предмети кои можат да послужат како доказ и да се прибираат информации кои можат да бидат од корист за успешно водење на кривичната и прекршочната постапка Полицијата врши криминалистичко истражување со примена на полициските овластувања, оперативно-тактички и превентивни мерки.

Криминалистичкото истражување започнува со полициски извид или со одлука на надлежен полициски службеник за воспоставување и спроведување на криминалистичка контрола, криминалистичка обработка и акција за што се водат соодветни евиденции согласно со закон.

Со цел превентивно дејствување и спречување на казниви дела Полицијата може да воспостави и зајакната оперативна контрола на лица и објекти.

Заради откривање на кривични дела полицискиот службеник може да собира информации во непосредни разговори со граѓани во врска со казниви дела; да приведе лице; задржи лице лишено од слобода, за кое постојат основи за сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност; спроведува мерки на потрага по предмети во врска со кривично дело или прекршок; привремено одземање на предмети; обезбедување, преглед и увид на местото на настанот; примена на посебни истражни мерки и др.

Во Бирото за јавна безбедност, како дел од криминалистичката полиција функционира организациска единица за сузбивање на организиран криминал, надлежна за спречување и откривање на кривични дела сторени од организирани криминални групи, кривични дела за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години и др.

Според органограмот на МВР постојат неколку организациски единици кои имаат надлежност во врска со сузбивање на кривичните дела. Имено, во рамките на БЈБ постои Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал; Оддел за криминалистичка полиција; Оддел за форензички испитувања; Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, кои заедно со Секторите за внатрешни работи (Скопје, Битола, Велес, Куманово, Охрид, Струмица, Тетово и Штип) имаат надлежност за откривање, докажување и разјаснување на кривични дела, вклучително и на еколошките кривични дела.

Во врска со стратешките документи на МВР може да се констатира дека се донесени неколку стратегии, и тоа стратегија за: интегрирано гранично управување; за борба против трговија со луѓе и илегална миграција; вклучување и комуникација со заедницата; обука и развој на вработените во МВР; натамошен развој на капацитетите на криминалистичката техника на регионално и локално ниво; контрола на мало и лесно оружје; јакнење на капацитетите за водење финансиски истраги и конфискација на имот; дрога; сајбер безбедност, како и резолуција за миграциска политика. Може да се заклучи дека нема посебен стратешки документ кој ќе се однесува на сузбивање на еколошките кривични дела во земјата.

Според *Закон за кривична постапка* во предистражната постапка по приемот на кривичната пријава или добиеното сознание за сторено кривично дело за кое се гони по службена должност, полицијата е должна да ги преземе потребните мерки за пронаоѓање на сторителот на кривичното дело, сторителот или соучесникот да не се скрие или побегне, да се откријат и обезбедат трагите на кривичното дело и предметите што можат да послужат како доказ, како и да ги собере сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка. Заради извршување на овие задачи полицијата може да презема бројни мерки и активности во рамки на својата надлежност.

Врз основа на собраните сознанија правосудната полиција составува кривична пријава за извршените дејствија, во која ги наведува и доказите што ги дознала. Со пријавата се доставуваат и предмети, скици, фотографии, списи за преземени дејствија, службени белешки, изјави и друг материјал што може да биде корисен за успешно водење на постапката. Ако правосудната полиција дополнително дознае за нови околности, докази или траги од кривичното дело, должна е да собере потребни известувања и за тоа веднаш да го извести јавниот обвинител.

По приемот на кривичната пријава или по добиеното известување од полицијата, со постапката раководи јавниот обвинител. Правосудната полиција е должна да постапува по наредбите и насоките на јавниот обвинител. Правосудната полиција продолжува со извидите и тогаш кога нема посебни наредби или насоки од јавниот обвинител и за спроведените мерки и дејствија го известува јавниот обвинител.

За разлика од предистражната постапка, истражната постапка се поведува против определено лице кога постои основано сомневање дека сторило кривично дело за кое се гони по службена должност или по предлог. Истражната постапка ја спроведува надлежниот јавен обвинител, при што на располагање ја има правосудната полиција.

По завршување на истражната постапка кога јавниот обвинител ќе утврди дека постојат доволно докази од кои може да очекува донесување осудителна пресуда, го подготвува и поднесува обвинителниот акт до надлежниот суд.

# Криминалистички истраги за сузбивање на еколошки кривични дела

Со националното законодавство се уредува постапувањето на МВР, односно на полицијата во рамки на криминалистичките истраги на казнивите поведенија во земјата, вклучително и за еколошките кривични дела. Полицијата во рамките на својата основна дејност презема превентивни и репресивни мерки, со цел ефикасно сузбивање на кривичните дела.

Полицијата е директно надлежна за сузбивање на еколошките кривични дела, бидејќи согласно одредбите на ЗКП, тие се должни да ги преземаат сите мерки предвидени со законот, со цел расветлување на кривичните дела од областа на заштита на животната средина. Треба да се напомене дека еколошките кривични дела имаат посебни карактеристики кои условуваат примена на одредени знаења и соодветни криминалистички методи за нивно откривање и докажување. Еколошкиот криминал е посебен облик на современиот криминал, кој е се позастапен и се издвојува како посебен вид на криминал, што укажува на потребата за постоење на посебна организациска единица специјализирана за еколошки кривични дела.

Полицијата може да делува превентивно (ante delictum) со цел следење на појавите на загадување кои се инкриминирани, како и да работи на отстранување на причините за таквите појави. Превенцијата може да се реализира со воспоставување на организиран систем на превентивни мерки и активности за заштита на животната средина. Како резултат на постојаното присуство на терен, забележување на појавите на загадување на животната средина и вршење на патролна дејност, полицијата меѓу првите може да ги забележи еколошките кривични дела. Доколку се констатира конкретно казниво поведение полицијата презема натамошни мерки за негово докажување и целосно разјаснување, што подразбира утврдување на идентитетот на сторителот и поднесување на кривична пријава. Превентивното дејствување на полицијата се состои од набљудување, контрола и надзор над критичните сектори за еколошко загадување; собирање на информации; патролирање; перманентно информирање и соработка со надлежните органи и институции во рамена на информациите и сл. За ефикасно спроведување на овие активности потребно е да има еколошка карта со внесени податоци за постоечките и потенцијалните загадувачи, со наведување на видот на загадувањето.

Покрај превентивната улога на полицијата, таа има и репресивна улога (post delictum) со преземање на истражни дејствија и форензички испитувања со цел расветлување на еколошките кривични дела.

Бидејќи видовите на криминал имаат свои посебни карактеристики својствени за тој вид на криминал и одреден профил на сторители, секој вид на криминал има посебна методика за сузбивање (методика за економски криминал, организиран криминал, сајбер криминал и сл.). Така постои и посебна методика (збир на оперативно-тактички мерки и истражни дејствија за одреден вид на криминал) и за еколошките кривични дела.

Методиката за сузбивање на еколошкиот криминал ги содржи оние мерки и активности со кои во рамки на криминалистичката истрага се врши откривање (дознавање), докажување и разјаснување на еколошките кривични дела.

Методиката на откривање на еколошките кривични дела се состои од неколку фази, и тоа:

1. **Дознавање за постоење на еколошки кривични дела,**
2. **Докажување или разјаснување преку одговор на деветте златни прашања на криминалистиката:**
   - што се случило, (дали настанот е кривично дело, не е кривично дело или е несреќен случај.
   - кој е сторител/сторители, (утврдување на идентитетот на сторител/и),
   - каде се случил настанот, (место на настан или locus operandi),
   - кога, (време на извршување или tempus operandi),
   - како, (начин на извршување или modus operandi),
   - со што, (со кои предмети или орудија е извршено кривичното дело),
   - зошто, (мотивот за кривичното дело),
   - со кого, (соучесници или соизвршители, организирана криминална група),
   - врз што/кого, (кој е објект на напад или жртва/и).
3. **Изведување на сторителот пред лицето на правдата односно утврдување на неговиот идентитет и поднесување на кривична пријава.**

Севкупната репресивна дејност на полицијата насочена кон сузбивање на еколошките кривични дела може да се реализира во неколку фази:

» **Првата фаза се однесува на добивање сознание за сторено кривично дело од областа на заштитата на животната средина, при што припадниците на полицијата и инспекциските органи преземаат конкретни мерки и активности. Во оваа фаза се прибираат сознанија кои се однесуваат на загадување на животната средина и природа, илегална трговија со заштитени видови, мачење и убивање на животни, загрозување на животинскиот и растителниот свет, казниви поведенија во врска со отпад, опасен отпад и сл.**

» **Следен чекор претставува фазата во која треба да се докаже еколошкиот криминал, преку соработка со вештаци од одреден профил (од областа на природни и др. науки), како на самото место на настан, така и во вештачењето на релевантни траги и предмети во нареден период.**

» **Последната фаза во криминалистичката истрага на еколошките кривични дела е пронаоѓање/идентификување на сторителот/сторителите или организираната криминална група, кои имаат одговорност за стореното кривично дело. Во оваа фаза, со доказите кои се обезбедени, се поднесува кривична пријава.**

Секој посебен вид на криминал има и посебни карактеристики, кај еколошките кривични дела тоа е потребата за примена на начелото на брзина и оперативност. Имено, потребно е брзо излегување на местото на настанот и при тоа обезбедување на местото на настанот, обезбедување на специфичните траги и предмети (обезбедување на материјални докази), благовремено земање на примероци, за подоцна, со примена на научни методи, да се обезбедат квалитетни докази за судската постапка. Карактеристично за еколошките кривични дела е завршување на вештачењата во што е можен побрз рок, при што се преземаат ситуациони вештачења на самото место на настанот. При овие вештачења вештаците го опфаќаат местото на настанот во целина: времето, местото, утврдување на сите учесници во настанот, предметите, нанесената штета, врската меѓу лицата и последиците.

При извршувањето на еколошките кривични дела, најчесто доаѓа до одреден степен на загадување или уништување на животната средина, и тоа со присуство на одредена количина штетна материја во воздухот, водата или во почвата, која количина претставува кривично дело доколку е над дозволената граница. Доколку таа концентрација на загадувачката материја, со текот на времето, или заради временските услови, се намали, а првичната не е утврдена со вештачење на местото на настанот, нема да постои еколошко кривично дело. Оттука од огромно значење е ситуациското вештачење кај овој вид на кривични дела, реализирано веднаш по добивање на сознание за кривичното дело, бидејќи на тој начин се утврдува дали постои кривично дело или не постои.

Загадувачките материи со кои настанува загадувањето на животната средина, многу бргу можат да се дисперзираат, да испарат, да се разложат или да се разлеат, односно битно да ја сменат својата концентрација. Затоа е потребно во најбрз можен рок по настанување на загадувањето и дознавањето за истото, веднаш да се изврши вештачење на местото на настанот, со цел докажување на постоење на еколошко кривично дело.

Посебно значаен аспект на целосното разјаснување на еколошките кривични дела имаат и криминалистичко - техничките односно форензичките испитувања. При тоа се започнува со увид на местото на настан, со цел утврдување дали постои кривично дело или не постои, утврдување на видот на кривичното дело, утврдување на докази, пронаоѓање и утврдување на идентитетот на жртвата, утврдување на видот и големината на штетата и контрола на одредени докази со кои располагаме. Често пати има потреба за ситуационо вештачење на местото на настанот или т.н. in situ вештачење кое се врши паралелно со вршење на увидот. При ова вештачење се врши подигање на примероци, кои со посебна мобилна опрема се вештачат на местото на настан. Како резултат од форензичките испитувања се изготвува записник, фотоалбум и сл.

При оваа постапка најважно е да се обезбедат материјални докази, односно трагите кои се анализираат да имаат доказна вредност. На тој начин трагите имаат суштинска улога во откривањето на кривичното дело, идентификувањето на сторителот и изготвување на квалитена кривична пријава.

Како предуслов за сите горенаведени активности е постоење на лиценцирани лаборатории, со стручен и професионален персонал, тесно специјализиран во својата област.

Значаен предуслов за ефикасно сузбивање на еколошкиот криминалитет се и соодветната организациска поставеност и кадровска екипираност на полицијата, за да може успешно да се одговори на поставените задачи на превентивен и репресивен план во заштитата и унапредувањето на животната средина и природата.

Во прилог на оваа констатација се наводите во Член 17 од Законот за полиција кој предвидува ,,за вршење на полициски работи за кои е потребен висок степен на специјализација како и потреба од ефективно и економично извршување на одредени специфични и сложени задачи за целата територија на Република Северна Македонија, за потребите на секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи, во рамките на Бирото за јавна безбедност се формираат организациски единици во кои се извршуваат работите од областа на криминалистичката полиција, униформираната полиција, граничната полиција, специјалните полициски операции, како и други работи утврдени со закон,,.

Со оглед на фактот дека еколошките кривични дела се поврзани и со кривичното дело перење пари, давање и примање поткуп и други, потребно е во рамки на криминалистичката истрага да се спроведува и финансиска истрага за овој вид на криминал. Исто така, одредени еколошки кривични дела се дел и од економскиот криминал, така што финансиските истраги треба да бидат задолжително составен дел на криминалистичките истраги. При тоа треба да се потенцира и потребата од соработка со други надлежни органи, како на пример, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање и др.

Се поставува прашањето дали во МВР постои адекватна организациска структура и професионален кадар кој ќе одговори на задачите за превентивно и репресивно постапување во рамките на криминалистичките истраги за сузбивање на еколошките кривични дела во земјата.

# Анализа на организациската поставеност во Министерството за внатрешни работи

Со цел успешно сузбивање на еколошките кривични дела во земјата, потребно е да постојат организациски, технички и кадровски потенцијали во рамките на надлежните органи. Во тој контекст во рамките на Министерството за внатрешни работи, кое е директно надлежно за откривање, докажување и разјаснување на сите кривични дела, вклучително и еколошките кривични дела потребно е да има стручен и обучен професионален кадар, адекватна техничка опременост и организациска поставеност.

Според органограмот на МВР (види Прилог 1) може да се заклучи дека постојат неколку оддели во Бирото за јавна безбедност кои се директно задолжени за преземање на мерки и активности во рамките на криминалистичките истраги на еколошките кривични дела, и тоа: Оддел за криминалистичка полиција, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал и Оделот за форензички испитувања. Вработените во овие оддели во рамките на своите надлежности и овластувања може да преземаат оперативно-тактички мерки, истражни дејствија или форензички испитувања со цел откривање, докажување и разјаснување на еколошките кривични дела во земјата. Покрај овие оддели во истрагата можат да бидат вклучени и Одделот на униформираната полиција (при обезбедување на место на настан и др.), Одделот за криминалистичко разузнавачка анализа (за изработка на криминалистичко разузнавачки анализи за еколошкиот криминал), Оддел за гранични работи и миграции (во услови на прекуграничен криминал), Сектор за меѓународна полициска соработка (во случаи на кривични дела на меѓународен план). Исто така, во рамките на истрагата можат да бидат вклучени и секторите на внатрешни работи (Свр Скопје, Свр Битола, Свр Велес, Свр Куманово, Свр Охрид, Свр Струмица, Свр Тетово и Свр Штип), како и Регионалните центри за гранични работи (РЦГР - Север, РЦГР - Запад, РЦГР - Југ и РЦГР - Исток).

Каква е актуелната состојба со организациската поставеност во министерството за преземање на конкретни мерки за сузбивање на еколошкиот криминал? Доколку се анализира поставеноста на организациските единици во министерството, поточно во Бирото за јавна безбедност, може да се заклучи дека во Одделот за сузбивање на организиран криминал има посебни сектори за финансиски криминал, недозволена трговија со дрога, корупција, трговија со луѓе и илегална миграција, но нема **посебен сектор за еколошки криминал**. Ова претставува недостаток, бидејќи во овој Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал нема посебно назначени инспектори кои ќе се занимаваат само и исклучиво со еколошките кривични дела.

Дел од еколошките кривични дела имаат организирана и сериозна форма и тие треба да бидат предмет на интерес и постапување во овој Оддел, но се разбира **треба да се формира посебен Сектор за еколошки криминал**, од каде ќе се преземаат мерки и активности за откривање на

сторителите на кривичните дела, реализација на криминалистички истраги, увид на место на настан и други форензички испитувања, се со цел ефикасно сузбивање на овој вид на криминал.

За останатите кривични дела, кои немаат форма на организиран и сериозен криминал постапуваат инспекторите во Секторот за криминалистичка полиција, кои ги разработуваат делата од општ криминал. Но, и тука не постои специјализираност на инспекторите, туку тие покрај останатите кривични дела за кои постапуваат, преземаат мерки и активности и за овој вид на криминал. Бидејќи нема назначено посебно инспектори за еколошки кривични дела, нема конкретен предуслов за ефикасно сузбивање на делата, бидејќи инспекторите се фокусирани на повеќе различни видови на криминал, на кои им се дава приоритет, а делувањето против еколошкиот криминал е на маргините на нивното постапување.

Според одредени согледувања во министерството има неколку инспектори кои во Секторот за криминалистичка полиција и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал постапуваат во случаи на еколошки кривични дела, но нивното работење не е континуирано и целосно посветено само на еколошките кривични дела.

Оттука потребна е **реорганизација** на министерството, особено во делот на Одделите односно Секторите на криминалитичката полиција, каде ќе се создадат предуслови за формирање на посебен сектор, се со цел поставување на стручни, искусни и обучени инспектори кои ќе работат само во делот на криминастистички истраги на еколошките кривични села. Овие работни места и позиции треба да се предвидат и во **Актот на Систематизација на работните места во Министерството**, заради формирање на посебна организациона единица во рамките на Министерството.

Секако покрај делувањето на организациските единици на ниво на Министерство, на територија на цела држава, одредени надлежности имаат и **Секторите за внатрешни работи** на нивните подрачја. И тука, исто така, треба да се воведат одредени измени во делот на истрагите на еколошките кривични дела, а особено и на превентивен план, покрај примената на мерки на репресивен план. Тоа подразбира назнчување барем по еден инспектор во секој сектор за внатрешни работи, кој би бил задолжен за сузбивање на еиколошкиот криминал на тоа подрачје.

Покрај полициското работење, многу значаен дел на криминалистичките истраги претставуваат и криминалистичко - техничките (форензички) испитувања во случаи на сторени еколошки кривични дела. Имено, за форензички испитувања се прибираат материјални траги, кои треба да имаат доказна вредност, со цел успешна судска процедура за кривичните дела. Постојат бројни вештачења кои на терен и во лабаратории може да се реализираат, со цел ефикасно идентификување на сторителот, утврдување на сторената штета, обемот на загадување и др. Во МВР постои техничка опрема која може да се користи за некои кривични дела од оваа област, но не се опфатени и други форензички испитувања за останатите кривични дела. Потребно е да се напомене дека работата во Одделот за форензички испитувања во МВР, треба да се одвива преку постоење на акредитирани лабаратории и специјализирани вештаци за форензички испитувања на еколошките кривични дела.

# Анализа на ефикасноста на криминалистичките истраги во Министерството за внатрешни работи

Со цел анализа на постапувањето на полицијата во сузбивањето на еколошки кривични дела, потребно е да се анализираат одредени статистички показатели. По пребарувањето на официјално публикуваните извештаи, годишни планови и други стратешки документи на социјалните мрежи на МВР, може да се констатира дека овој вид на криминал, не е застапен во документите. Така, на пример еколошкиот криминал не е застапен ниту во Збирната анализа на МВР за вкупен криминалитет 2020-2023 година, ниту во Годишниот извештај за 2023 година. Оттука, нема адекватна можност за анализа на криминалистичките истраги за еколошките кривични дела во овие годишни документи кои се подготвуваат и објавуваат од страна на Министерството.

Но, постои анализа на овој вид на криминал во други документи подготвени од Бирото за јавна безбедност, поточно од Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа. Тоа е Проценката на закани од организиран и сериозен криминал објавена во декември 2021 година, каде за прв пат таа година, кон другите видови на криминал кои и претходно биле анализирани и публикувани во т.н. SOCTA 2021 извештај, прв пат е застапен и еколошкиот криминал.

Оваа Процена го опфаќа периодот 2016-2019 година, каде се разработува криминалот против животната средина како закана, со сериозни последици на среден и долг рок по здравјето на луѓето, животот на граѓаните и економскиот развој на државата. Во Проценката се идентификувани вкупно 40 организирани криминални групи (ОКГ), од кои една ОКГ која делувала за нелегална сеча на шуми (кражба на дрва).

Со Проценката се констатира дека еколошкиот криминал е сериозна закана, која се јавува во повеќе облици и тоа: пустошење шуми; загадување; незаконско управување со отпад; шумските пожари и сл. Како резултат на криминалните активности се случуваат и злоупотреби на постапките за легализација на бесправно изградените објекти, како и злоупотреби на постапките за откуп на државно земјиште, на штета на државниот имот.

Општо е познато дека еколошките кривични дела многу често се поврзани и со сторување на други кривични дела, како перење пари, злоупотреба на службена положба или овластување, фалсификување на документи и сл. Така во Проценката се констатира дека и кривичното дело Пустошење шума претставува кривично дело со висока закана на перење пари. А перењето пари, пак, се овозможува со корупцијата, за која во областа на заштита на животна средина има и неколку процесирани случаи (оперативна акција Зелено, Пента и др., како и случаи на корупција на вработени во Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен инспекторат за животна средина и др). Се смета дека корупцијата е клучен двигател за еколошките кривични дела

во земјата, и истата се одразува на откривачката дејност на полицијата. Се претпоставува дека тоа е причината за нецелосно детектирање на организираните облици на овој вид на криминал.

Исто така, една од карактеристиките на организираниот криминал, а тоа е примена на насилни методи и средства од страна на сторителите, е присутна и кај еколошките кривични вела, врз службените лица при нелегална сеча на дрвна маса или при заплената на бесправно исечената дрвна маса.

Во извештајниот период 2016-2019 година, во земјата се регистрирани 685 кривични дела против животната средина и природата, со поднесени кривични пријави за 822 сторители, за следните кривични дела: Узурпација на недвижности – 231, Пустошење шуми – 211, Незаконит риболов – 78, Мачење животни -77 и Незаконит лов - 38.

Сепак, од анализата на состојбите може да се заклучи дека бројот на откриените кривични дела не соодветствува со реалните состојби, а дел од кривичните дела не се документирани и немаат судска завршница.

Она што е особено значајно во Процената е анализата на откривачката функција, која покажува дека надлежните институции тешко ги препознаваат кривичните дела, а овластените лица за надзор и контрола често се законски ограничени или недоволно материјално-технички и стручно обучени за вршење на своите овластувања. Значи откривачката функција е ниска и неефективна, и не придонесува кон ефикасно сузбивање на еколошките кривични дела во земјата. Исто така, одредени еколошки кривични дела се карактеризираат со особено ниска стапка на откривање, како што е незаконското управување со отпад и загадувањето, а чии штетни последици се големи и во континуитет се загрозуваат сите еко системи.

Недоволната откривачка функција на еколошките кривични дела, меѓудругото, може да се должи и на ниската стапка на пријавување од страна на граѓаните. Имено, граѓаните во одреден дел на случаи, не го доведуваат во врска загадувањето и штетните последици од истото, не препознаваат ризик и закана за своето здравје и заради тоа не ги пријавуваат случаите кај надлежните органи. Исто така, довербата во полицијата, инспекциските органи и други надлежни органи, како и корупцијата во оваа област, може да претставува пречка за пријавување од страна на граѓаните.

Во Проценката, како посебно критичен се посочува криминалот со незаконски увоз на опасен отпад, како и Пустошењето шума.

За Пустошење шума во извештајниот период поднесени се 797 кривични пријави против 1266 сторители, за сторени 1050 кривични дела. Со овие кривични дела причинета е материјална штета од 288 милијарди денари, а одземена била 58.837 м3 нелегално исечена дрвна маса.

Сторителите имаат посебен modus operandi кој често е во форма на неформално здружување на сторителите, при сечењето шума се користат класични методи. Но, се претпоставува дека има и организирано делување, како и корупција на вработени во јавни претпријатија и службени лица кои вршат олеснување или прикривање на сторените кривични дела.

За одбележување е позитивниот пример на идентификување и сузбивање на организирана криминална група, која делувала на меѓународно ниво, а која се занимавала со криумчарење на т.н. стаклена јагула. Ова постапување на полицијата било во рамките на Европол во 2019 година, кога се откриени пет лица кои организирале меѓународен транспорт на јагулата во Република Северна Македонија.

Табела бр 1. Пријавени, обвинители и осудени полнолетни лица за кривични дела против животната средина и природата (извор: Државен завод за статистика)

| Година | Пријавени | Обвинети | Осудени |
|---|---|---|---|
| 2022 | 162 | 83 | 77 |
| 2021 | 189 | 85 | 73 |
| 2020 | 146 | 57 | 52 |
| 2019 | 214 | 69 | 59 |
| 2018 | 191 | 60 | 52 |
| 2017 | 151 | 68 | 62 |
| 2016 | 236 | 85 | 77 |
| 2015 | 164 | 71 | 47 |
| 2014 | 137 | 103 | 90 |
| 2013 | 217 | 97 | 64 |
| **Вкупно** | **1807** | **778** | **653** |

Доколку се анализираат податоците во табелата може да се заклучи дека се јавува голем јаз помеѓу поднесените кривични пријави за полнолетни лица – сторители на кривични дела против животната средина и природата. Имено од 1807 пријавени, обвинети се 778 лица или 43 %. Ова укажува на сериозен проблем за неприфаќање на поднесените кривични пријави од страна на јавните обвинители. При спроведувањето на криминалистичките истраги криминалистичката полиција ја започнува истрагата, која заедно со јавниот обвинител може да пређе во следна фаза, односно поднесување на обвинителен акт, кој потоа завршува со судска расправа. Но кај еколошките кривични дела се констатира дека повеќе од половината кривични пријави, не се процесираат понатаму. Се поставува прашањето: дали ефикасноста на криминалистичките истраги за овие кривични дела е ниска, има мал број на материјални докази, нема квалитетни кривични пријави и сл. Оваа појава треба да биде тема за истражување во нареден период, со цел утврдување на причината за ефикасноста на криминалистичките истраги. Во текот на судските постапки, од 778 поднесени обвинителни акти, осудени се 653 лица, или 84 % од обвинетите лица се осудени. Оваа анализа укажува на одреден јаз кој се јавува помеѓу фазите на криминалистичката истрага, и пришањето зошто криминалистичко-оперативната дејност и истражните дејствија не доведуваат до изработка и поднесување на квалитетни кривични пријави, кои јавните обвинители би ги процесирале понатаму во постапката која следи.

Оттука може да заклучиме дека ефикасноста на криминалистичките истраги за еколошките кривични дела во Република Северна Македонија не е на завидно ниво, што треба да биде предмет на интерес во нареден период, со цел констатирање и отстранување на слабостите во истата.

# Странски искуства во сузбивање на еколошки кривични дела

## Обединето Кралство

Полицијата во Обединетото Кралство презема одредени мерки и активности за сузбивање на еколошки кривични дела. Имено, на веб страната на полицијата има можност за пријава на различни видови на криминал, вкличително и за еколошки криминал.

Постои посебен дел каде се пријавуваат кривични дела од областа на рурален криминал (земјоделски криминал, криминал во врска со коњи, криминал во врска со дивиот свет и со културно наследство). Под рурален криминал, исто така, може да се смета и илегално депонирање на отпад, загадување на извори на вода и почва и др.  Земјоделскиот криминал опфаќа криминал во врска со земјоделски фарми, машини, згради и мали стопанства. Прекршоците вклучуваат кражба на опрема или гориво, оштетување на имот и добиток. Криминалот во врска со коњи ги опфаќа работните штали и центрите за коњаници и вклучува прекршоци како кражби и при одгледување на добитокот. Криминалот со дивиот свет вклучува ловокрадство, мешање на заштитените видови и сл. Криминалот за културно наследство може да вклучува прекршоци како кражба на олово од цркви, оштетување на антички споменици и незаконско откривање метал.

Криминалот против дивиот свет вклучува: ловокрадство; прекршоци против јазовци и лилјаци; прекршоци против птици; кражба и собирање јајца; собирање или трговија со заштитени видови и животински производи; нерегистрирање на животни за кои е потребна дозвола; земање заштитени растенија; употреба на отрови, замки или експлозиви за убивање или повреда на животни; суровост кон животните; лов со кучиња; воведување инвазивни видови; убивање или заробување, оштетување или уништување на живеалиштето на кое било заштитено животно и нелегален риболов.

Во Обединетото Кралство со криминалот со дивиот свет се справува специјална единица (Национална единица за криминал во дивиот свет - NWCU) составена од тим на разузнавачи, аналитичари и оперативен персонал, кој се состои од вкупно 13 лица кои се справуваат со информациите што доаѓаат од полицијата и другите агенции за спроведување на законот.

Во споредба со другите земји на ЕУ, во ОК постои многу добра координација и комуникација помеѓу различните органи (на пр. помеѓу царинските органи, граничните сили и полицијата). Всушност, пред да почнат да се занимаваат со некој случај, тие седнуваат заедно и одлучуваат кој е најсоодветниот орган за кривично гонење на случајот. Тие „го зборуваат истиот јазик" кога станува збор за разузнавање и спроведување; заедно ги разгледуваат случаите и меѓусебно се поддржуваат.

Помеѓу другите тела во истрагите е вклучена и полицијата, одговорна за истражување на криминалот со дивиот свет и одредени случаи на криминална штета. Што се однесува до криминалот во дивиот свет, потребен е одреден степен на специјализација. Ова се должи на фактот дека законодавството за дивиот свет е прилично старо и многу сложено законодавство, со кое просечниот полицаец не е доволно запознаен.

Повеќето полициски сили распоредуваат специјализирани службеници за криминал против дивиот свет. Јавноста има очигледна загриженост за криминалот со дивиот свет, што може да доведе до поголема приоритизација на криминалот со дивиот свет. Во 2006 година се формира Националната единица за борба против дивиот свет (NWCU). Тоа е стратешка национална полициска единица која собира разузнавачки информации за криминалот во дивиот свет и обезбедува аналитичка и истражна поддршка.

Во истрагата за еколошки криминал, покрај останатите институции, вклучени се и претставници од невладиниот сектор. Тие соработуваат со полицијата особено во делот на криминал против дивиот свет, со пружање на експертиза за процесирање на кривични дела, едукација на населението на локално ниво. Значителен проблем е недостатокот на пријавување на криминалот во животната средина и постоење на веродостојни податоци.

Покрај полицијата во ОК постојат и други надлежни органи за сузбивање на еколошки кривични дела, како на пример Агенција за животна средина (Environmental Agency). Таа е задолжена за казниви поведенија поврзани со бучава, загадување, отпад, нелегален лов и риболов и др.

## Европска Унија

Во извештајот на Колантони, Сарно и Бианки, Борба против еколошкиот криминал во Европа од 2022 година, се прави детална анализа на сите земји членки на Европска Унија и нивните активности за борба против еколошките кривични дела во Европска Унија. (за подетален преглед види Прилог 2)

Во повеќето случаи, националните полициски сили водат акција против еколошките злосторства. Во ограничен број земји-членки постојат високо специјализирани полициски тела: имено, службата за заштита на натурализацијата (SEPRONA) во Шпанија, Федералната единица за јавно здравје и еколошки криминал (FUPHEC) во Белгија, OCLAESP во Франција и Команда на единицата за шумарство, екологија и земјоделие (CUFA) во Италија. Во други случаи, националните полициски сили имаат специјализирани единици на национално и/или регионално ниво. На пример, во Грција полицијата има специјализиран полициски оддел за животна средина. Слично, во Унгарија, постои Единица за еколошки криминал, мала специјализирана централна единица (брои 16 лица) и полицаец обучен на оваа тема во секоја полициска станица.

Во повеќето земји, сепак, нема специјализирани единици, туку национален координатор и ограничен број службеници обучени за еколошки криминал, меѓу другите области. На пример, во Словенија има 12 специјализирани службеници, еден координатор за еколошки злосторства за секој регион и еден на национално ниво во Управата за криминалистичка полиција. Вообичаено, како и во случајот со Словенија, националните координатори за криминал во животната средина се дел од Одделенијата за криминалистичка полиција. Меѓутоа, во некои случаи тие можат да бидат дел од Одделенијата за економски криминал, како во случајот со Полска, што ја одразува широко распространетата традиција низ земјите-членки да ги сметаат еколошките злосторства како гранка на економскиот криминал. Други земји можат да презентираат уникатни решенија, како на пример во случајот со Хрватска, каде што националниот координатор одговорен за еколошки криминал е дел од Одделот за убиства.

Во најсериозните случаи, еколошките кривични дела се испреплетени со други области на криминал, како што се измами со документи, финансиски криминал, компјутерски криминал или организиран криминал. Ова бара тесна соработка помеѓу единиците специјализирани за овие области на криминалот и полициските сили одговорни за еколошки криминал. Сепак, ваквата соработка не е секогаш присутна и систематска. Вообичаено, таа е добро воспоставена кај единиците за финансиски криминал и организиран криминал, додека соработката со единиците за компјутерски криминал сè уште е прилично спорадична.

Во повеќето случаи, соработката е неформална и се заснова на индивидуална иницијатива на полициските службеници. На пример, во Словенија соработката е целосно неформална, но успешна поради можноста дека „сите се познаваат“. Во други случаи, како како и во Грција, соработката помеѓу единиците за заштита на животната средина и компјутерскиот криминал во голема мера недостасува, и покрај тоа што е многу релевантна во земјата, особено за нелегалната трговија. Позитивен случај во однос на соработката со единиците за компјутерски криминал е Белгија, каде што новата единица за диви животни/CITES воспоставува тесна соработка со постојната сајбер единица. Друг позитивен пример е Германија, каде надзорните надлежни органи за заштита на растенијата и заштитените видови поставуваат контролни центри за интернет трговија, со оглед на релевантноста на компјутерскиот криминал во нелегалната трговија со пестициди и заштитени видови.

Органите во судскиот сектор се исто така важен дел од институционалната рамка посветена на спротивставување на криминалот во животната средина. Во поголемиот дел од земјите-членки, нема специјализирани обвинители или судии за еколошки злосторства. Ова е случај и за земјите со напредни системи за извршување, како што се Италија и Естонија. Во неколку случаи, постои повисоко ниво на специјализација меѓу обвинителите што може да варира од целосно специјализирано обвинителство, до еден или неколку обвинители кои целосно или делумно се фокусираат на еколошките злосторства. На пример, во Шпанија постои специјализирано Обвинителство за животна средина и урбанистичко планирање на централно ниво и специјализирани обвинители низ целата земја; на сличен начин во Холандија постои Национално јавно обвинителство за сериозна измама, еколошки криминал и конфискација на имот. Во другите земји, како Германија и Грција, имаат само неколку специјализирани обвинители

главно во најголемите градови. Франција и Шведска претставуваат два исклучителни случаи бидејќи имаат специјализирани судови кои работат на еколошките злосторства, иако во Шведска тие се занимаваат само со административни прашања додека кривичните предмети ги преземаат обичните судови, а во Франција бројот на такви судови е сè уште ограничен.

Табела бр 2. Земји членки на ЕУ и организациска поставеност за сузбивање еколошки криминал, извор: Colantoni L., Sarno G.S., Bianchi M., Fighting environmental crime in Europe, Ambitus report,2022

| Бр. | Држава | Дали има специјализирана институција/сектор? | Институција | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Австрија | Да | Полиција | специјализација на полициски сили и позитивната координација помеѓу регионалното и федералното ниво |
| 2 | Белгија | Да | Федерална единица за јавно здравје и еколошки криминал (FUPHEC). | посебна централна единица во рамките на белгиската федерална судска полиција |
| 3 | Бугарија | Не | | |
| 4 | Хрватска | Не | нема посебни единици за еколошки криминал | има некои специјализирани службеници и на национално и на регионално ниво кои меѓу другите должности работат и на еколошки криминал |
| 5 | Кипар | Не | | |
| 6 | Чешка | Не | | |
| 7 | Данска | Не | | |
| 8 | Естонија | Да | Одбор за животна средина, дел од Министерството за животна средина | |
| 9 | Финска | Не | Полицијата нема специјализирано одделение за еколошки криминал | има еден национален координатор во Националното биро за истраги |
| 10 | Франција | Да | OCLAESP | OCLAESP е составена од персонал од Жандармеријата, полициските сили и техничките советници за животна средина и здравствени прашања |
| 11 | Германија | Да | Државни полициски служби на германските покраини и Федерална полиција | |
| 12 | Грција | Да | Грчки инспекторат за животна средина | |
| 13 | Унгарија | Да | Мала централна единица и специјализиран член на персоналот во секоја станица | Единицата брои 16 лица и има и полицаец обучен за оваа област во секоја полициска станица |
| 14 | Ирска | Да | Агенција за заштита на животната средина | Националната полиција нема специјализиран персонал за еколошки злосторства, но поддржува истраги на специјализирани надлежни органи во најсериозните случаи. |

| Бр. | Држава | Дали има специјализирана институција/сектор? | Институција | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Италија | Да | Еколошка единица на Карабинерите | |
| 16 | Латвија | Не | | |
| 17 | Литванија | Не | | |
| 18 | Луксембург | Не | | Кривичните дела против животната средина спаѓаат во надлежност на Јавното обвинителство |
| 19 | Малта | Не | | |
| 20 | Холандија | Да | полицијата и единиците на инспекторатот | Полицијата има специјализирани единици за криминал во животната средина и на национално и на регионално ниво. |
| 21 | Полска | Да | Главен инспекторат за заштита на животната средина и координатори при Одделенијата за економски криминал (Полиција) | |
| 22 | Португалија | Да | Централизирана единица за борба против еколошки криминал, Дирекција за природа и животна средина (SEPNA), дел од Националната гарда на Републиката (GNR). | |
| 23 | Романија | Не | | |
| 24 | Словачка | Да | специјализирана единица во полицијата - Оддел за откривање опасни материјали и еколошки криминал при Президиумот на полицискиот кор на Министерството за внатрешни работи | една национална и осум регионални единици со специјализирани службеници |
| 25 | Словенија | Не | не постои специјализирана истражна единица | Во полицијата има еден координатор за заштита на животната средина за секој регион и еден на национално ниво во Управата за криминалистичка полиција. |
| 26 | Шпанија | Да | единица за заштита на природата (SEPRONA) на Цивилната гарда | единицата брои околу 1.800 целосно обучени агенти |
| 27 | Шведска | Делумно | | |

# Заклучоци

Од анализата на работата на полицијата и другите надлежни органи во сузбивање на еколошките кривични дела може да се заклучи дека нивното постапување не е ефикасно. За таа цел потребни се одредени измени во насока на зајакнување на националните капацитети, што ќе резултира со поголема стапка на откривање на кривичните дела, како и нивно докажување и целосно разјаснување. Исто така, потребно е јакнење и на оперативните и разузнавачките капацитети, преку развој на информациските системи, ефективно контролирање на границите, јакнење и специјализација на форензичките единици, како и развој на капацитетите за едукација и специјалистички обуки позврзани со сузбивањето на еколошкиот криминал во земјата. Со цел ефикасно постапување на надлежните органи, треба да се зајакне и националната и меѓународната соработка, особено помеѓу органите надлежни за превентивно и репресивно делување заради откривање, докажување и разјаснување на еколошките кривични дела.

## 1. ВО МВР НЕ ПОСТОИ ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИСКА ЕДИНИЦА ЗА СУБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Ова претставува еден од глнините фактори за големата темна бројка (сторени, но неоткриени еколошки кривични дела во земјата), неефикасни криминалистички истраги, мал број на завршени судски случаи за овие дела, голема стапка на рецидивизам, и др.

Исто така, нема посебно назначени инспектори кои во рамките на други организациски единици, ќе бидат задолжени да работата на сузбивање само на овој вид на криминал.

## 2. ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Во сегашната законска регулатива, која се однесува на полициското работење и внатрешните работи за кои е надлежно министерството, не се утврдува областа на заштита на животна средина како посебен предмет на интерес.

Исто така, и со Актот на систематизација на работните места во Министерството не се предвидени инспектори кои ќе работат на сузбивање на еколошкиот криминал во земјата.

## 3. АКТУЕЛНА СОСТОЈБА СО ПЕРСОНАЛНИ И ТЕХНИЧКИ КАПАЦИТЕТИ

Во МВР со сегашната организациска поставеност и систематизација на работни места нема предвидено работно место за инспектор за заштита на животната средина. Има мал број на иснпектори во Одделот за криминалистичка полиција и Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал кои работат на разјаснување на еколошки кривични дела по потреба и покрај останатите видови на кривични дела за кои се задолжени.

Во однос на техничката опременост, таа задоволува само за одредени видови на истраги и вештачења, кои не се однесуваат на сите кривични дела од областа на заштита на животна средина.

## 4. ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА КАЈ ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Во Одделот за форензички испитувања, има одреден број на вештаци кои вршат вештачење за еколошки кривични дела, и тоа само за еден мал број од предвидените во КЗ. Овие вештачења најчесто се однесуваат на криминал против дивиот свет кога има труење и се врши анализа на прашкасти материи, анализа на токсични материи и сл.

Во надлежност на ОФИ е увид на место на настан, подигање и пакување на трагите, нивно обработување. Посебно се обрнува внимание на пакувањето на трагите, за да не дојде до нивна контаминација, особено за биолошкиот и друг материјал. Она што претставува проблем при форензичките испитувања е не постоењето на развиени методи за идентификација на трагите.

## 5. НЕЕФИКАСНИ КРИМИНАЛИСТИЧКИ И ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ

Анализирајќи ги криминалистичките истраги за еколошки кривични дела, се констатира дека истите не се доволно ефикасни и дека откривачката функција на полицијата е ниска. Недостаток при криминалистичките истраги, покрај другото, може да биде и недоволна вклученост на финансиските истраги како дел од истрагата воопшто и следењето на текот на парите кај еколошките кривични дела.

## 6. КОРУПЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Истражувањата и анализите укажуваат дека корупцијата е еден од главните фактори за распространетоста на еколошкиот криминал во земајта, недоволната оперативна активност на терен на инспекторите, слабата откривачка функција за овие кривични дела и сл.

Корупцијата е присутна во сите сфери на општественото живеење во Република Северна Македонија, а исклучок не претставуваат ниту сторителите на еколошки кривични дела, кои можат да бидат физички или правни лица. Со цел да го избегнат кривичниот прогон, тие не ретко вршат и кривично дело на давање поткуп.

Ова претставува сериозна појава која тешко може да се искорени во нареден период, доколку од страна на сите надлежни институции кои се дел на криминалиситичките истраги и судскиот процес не се преземат активности за стручно и професионално постапување, почитувајќи го начелото на законитост.

## 7. СТРАТЕШКИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЕФИКАСНО СУЗБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

Во Република Северна Македонија нема стратешки и други национални документи кои се однесуваат на сузбивање на еколошките кривични дела.

## 8. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Во земјата не постои воедначен систем за водење на евиденција за постапувања во врска со кривични дела, водење на криминалистички истраги и судски постапки, при што надлежните органи ќе можат во целост и систематски да следат одреден вид на криминал.

Тука спаѓаат евиденциите на МВР, Јавните обвинителства, судовите и Државен завод за статистика. Оттука, не постои можност за стручно и научно анализирање на овие податоци, со цел согледување на актуелни трендови и донесување на одлуки за подобрување на состојбата. Така на пример, во МВР се води евиденција за други видови на криминал, но не се води за еколошките кривични дела. Во Државниот завод за статистика, дел од евиденциите се однесуваат на конретни кривични дела, но дел спаѓаат во категорија други.

## 9. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во рамките на постапувањето на надлежните органи за сузбивање на еколошки кривични дела, во одредени случаи постои потреба за меѓуинституционална соработка. Оваа соработка помеѓу одредени државни органи и институции се реализира на задоволително ниво, но сепак, постои можност за подобрување. Имено, во случаите кога има потреба за интензивна, системска и континуирана соработка помеѓу различни институции задолжени за откривање, докажување и разјаснување на еколошки кривични дела соработката може да се издигне на повисоко ниво.

## 10. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИН СЕКТОР

Во земјата постојат бројни невладини организации кои имаат значајна улога во истражувањето на еколошкиот криминал, подигање на свеста на јавноста за еколошките проблеми, активно учество во измена на националното законодавство и сл. Но сепак не постои адекватна соработка со полицијата во делот на откривање на процесирање на еколошкиот криминал. Странските искуства потврдуваат дека соработката на полицијата со невладиниот сектор може да биде исклучително плодна, а се со цел откривање на еколошки кривични дела, откривање на сторителите и сл. Таков е примерот во Обединетото Кралство, каде оваа соработка е на високо ниво.

## 11. НИСКА СВЕСТ КАЈ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Иако постојат случаи кога граѓаните пријавуваат одредени еколошки кривични дела, сепак оваа активност не е на задоволително ниво. Тоа, делумно, се должи на виктимолошкиот аспект на овој вид на криминал, при што во одредени случаи граѓаните не ја согледуваат директната врска на некои видови на загадувања со влошување на нивната здравствена состојба. Така, тие ги пријавуваат само еколошките кривични дела кои се јасно видливи, како што е загадувањето на возхухот во зимски услови, депонирање на отпад и сл.

# Препораки

## 1. ФОРМИРАЊЕ НА ПОСЕБНА ОРГАНИЗАЦИСКА ЕДИНИЦА ВО МВР ЗА СУЗБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

Заради подобрување на состојбата со сузбивањето на еколошките кривични дела во земјата потребно е реформирање на дел од организациската структура на Министерството за внатрешни работи. Оваа реформа би се одвивала на две нивоа, на ниво на Министерството и на ниво на Сектори за внатрешни работи.

На ниво на Министерството, потребно е востановување на посебна организациска единица во рамки на која ќе делуваат инспектори задолжени исклучиво за сузбивање на еколошки кривични дела. Доколку се анализира органограмот на МВР, местото каде што би се воспоставила таа организациска единица би било во рамките на Одделот за криминалистичка полиција. Во тој Оддел покрај инспекторите кои се занимаваат со сузбивање на други видови на криминал, ќе се предвиди и делување на инспектори за еколошки криминал. Така, ќе се создадат услови за поефикасни криминалистички истраги за овој вид на криминал. Доколку појавните форми и облици на еколошките кривични дела имаат карактеристики на организиран или сериозен криминал, потребно е и во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал да има инспектори за сузбивање на овие кривични дела.

На ниво на Сектори за внатрешни работи делува Оддел за криминалистичка полиција во чиј состав има отсеци за општ криминал, економски криминал, компјутерски криминал, недозволена трговија со дрога и оружје и криминалистичко-технички увиди на лице место и прелиминарни анализи. Потребно е во нареден период во рамките на отсекот за општ криминал да се предвиди и пополни работно место за самостоен или виш инспектор за еколошки криминал. Така, покрај останатите инспектори во овој отсек, за другите видови на криминал, ќе има и инспектор за сузбивање на еколошки кривични дела. На тој начин, ќе се создадат услови, покрај на национално ниво, и на ниво на сектори за внатрешни работи да работи инспектор задолжен само со проблематиката на еколошкиот криминал, кој ќе може ефикасно и посветено да делува, како на превентивен, така и на репресиван план.

Иако има странски искуства со различни решенија, некои земји имаат специјализирани едници, некои немаат, а некои имаат делумни решенија, сепак заклучокот е дека може да има поефикасни криминалистички истраги за откривање на поголем број на кривични дела доколку постои посебна специјализирана единица за сузбивање на еколошките кривични дела во Република Северна Македонија. На тој начин ќе се ангажираат инспектори специјално обучени за таа проблематика, кои нема да работат и на други кривични дела, туку нивниот секојдневен работен ангажман ќе биде исклучиво на овој вид на криминал. Така ќе се зголеми откривачката функција во Министерството, ќе се намали темната бројка и ќе има ефикасни криминалистички истраги, кои ќе резултитаат со квалитетни кривични пријави и судска завршница за сторителите на кривичните дела.

## 2. ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Со цел реализација на предвидените реформи за формирање на посебна организациона единица во рамки на МВР, доколку е потребно да се изменат законите и подзаконските акти кои ја уредуваат оваа материја, со цел ефикасно формирање и функционирање на организационата единица.

Освен тоа, потребно ќе биде да се измени и дополни Актот за систематизација на работни места во Минстерството, со цел прецизно дефинирање на работните места и нивно пополнување.

## 3. ЈАКНЕЊЕ НА ПЕРСОНАЛНИТЕ И ТЕХНИЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Како што е наведено во Законот за полиција, во врска со потребата од висок степен на специјализација за сузбивање на кривичните дела, потребно е кадрите кои ќе бидат дел од посебната организациона едница да бидат и адекватно обучени. Имено, иснпекторите треба да имаат познавање за ефикасно водење на криминалистички истраги за еколошки кривични дела. Исто така, треба да бидат запознаени и со посебните начини на сторување на кривичните дела, modus operandi, со цел преземање на оперативно-тактички мерки и истражни дејствија за сузбивање на еколошките кривични дела во земјата. Покрај тоа, треба да бидат и опремени со соодветна техничка опрема доколку е потребно делување на оперативен план на терен.

## 4. ФОРЕНЗИЧКИ ИСПИТУВАЊА КАЈ ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Во врска со работата на Одделот за форензички испитувања потребно е техничко подобрување во насока на зајакнување на капацитетите за стручен и професионален увид кај еколошки кривични дела и подигнување, обезбедување и вештачење на одделни видови траги со цел обезбедување на релевантни докази за сторителите на еколошки кривични дела.

Набавка и акредитација на лабаратории за вештачење на одделни траги, како и вработување и лиценцирање на форензичари од областа на еколошкиот криминал.

## 5. ВОДЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ ИСТРАГИ ЗА ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

За одредени еколошки кривични дела кои не се дел од економскиот криминал, како на пример убивање и мачење животни, не може да се водат финансиски истраги, но за останатите кои може да се сметаат дел од економкиот криминал, овие истраги треба задолжително и паралелно да се водат со криминалистичките истраги.

Така ќе бидат опфатени сите аспекти на еколошкото кривично дело, не само битието на еколошкото кривичното дело, туку и следење на натамошниот тек на парите, бидејќи најчестиот мотив е прибавување на противправна материјална имотна корист.

## 6. КОРУПЦИЈА ВО ОБЛАСТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Корупциските афери во областа на животна средина претставуваат сериозен предизвик за работата на наделжните органи за сузбивање на еколошките кривични дела во земјата. Со цел искоренување на оваа општествено негативна појава, со која се зафатени сите сегменти на општественото живеење, потребни се конретни мерки и активности во нареден период.

Потребно е целосно почитување на позитивните законски прописи кои се темелат на начелото на законитост, нулта толеранција на корупцијата, зајакнување на интегритетот на вработените, промовирање и инсиститирање на почитувањето на етичките норми на однесување на вработените, зајакнување на внатрешната контрола и сл.

## 7. ДОНЕСУВАЊЕ НА СТРАТЕШКИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЕФИКАСНО СУЗБИВАЊЕ НА ЕКОЛОШКИ КРИМИНАЛ

Заради создавање на организиран систем на постапување на надлежните органи, може да се предложи и донесување на Национална стратегија за еколошка безбедност.

## 8. ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЕКОЛОШКИ КРИВИЧНИ ДЕЛА

Од анализата на документите на веб страната на Министерството може да се заклучи дека не се води посебна евиденција за еколошкиот криминал. Имено, во Збирната анализа на МВР за вкупен криминалитет 2020-2023 година нема податоци за еколошки кривични дела, ниту во Годишен извештај за 2023 година. Во Збирната анализа на МВР за вкупен криминалитет 2020-2023 година, презентирани се податоци за состојбите за вкупен криминал по области, и тоа: класичен криминал, економски криминал, економски криминал и кривични дела од недозволена трговија. Исто така презентирани се и дополнителни податоци за имотни деликти, крвни деликти, сексуални деликти, економски и организиран криминал, недозволена трговија со дрога, недоволена трговија со оружје, семејно насилство, и други казниви повединија, прекршоци и сл., но не се презентирани податоци за еколошките кривични дела во земјата.

Оттука може да констатира дека потребно е воведување на посебни статистички показатели, односно водење на евиденции и за овој вид на еколошки криминал.

Во објавените стратешки документи на Министерството за внатрешни работи, поместени се повеќе Национални стратегии и други стратешки документи за различни видови на криминал, но нема документ кој би се однесувал на еколошкиот криминал. Доколку се заклучи дека застапеноста на еколошкиот криминал, како и предизвиканите штети, се значителни, треба да се согледа можноста односно потребата да се донесе еден стратешки документ, на пример Национална стратегија за еколошки криминал. Ова особено заради фактот што постои голема темна бројка на еколошките кривични дела, и евидентно загадување на сите еко системи во земјата, вода, почва и воздух.

## 9. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во сузбивањето на еколошките кривични дела повеќе државни органи и институции се упатени на соработка едни со други. Таа соработка со одредени случаи е на задоволително ниво, но има ситуации кога може да се подобри.

Добра практика за меѓуинституционална соработка е примерот на ОК, каде пред почетокот на истрагите за еколошки кривични дела, се одржува заедничка средба со претставници на полицијата, царината и други надлежни органи со цел договор за наредни мерки и активности.

За таа цел би требало да се врши формално и неформално вмрежување на вработените во овие институции преку реализација на заеднички активности како обуки, тркалезни маси, теренски посети и сл.

## 10. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИН СЕКТОР

Странските искуства покажуваат дека може да има одлична соработка со невладиниот сектор со државните органи и институции во областа на ефикасно сузбивање на еколошкиот криминал. Има позитивни примери и добри практики, каде полицијата и другите надлежни органи имаа блиска соработка со невладини организации кои во своето работење имаат предмет на интерес заштита на животна средина. Така, со реализација на бројни истражувања во врска со еколошкиот криминал во земјата, невладиниот сектор може да помогне во работата на МВР во делот на следење на состојбите, користење на истражувачки резултати за појавните форми и облици на еколошкиот криминал, потребата за измена на националната легислатива и многу други аспекти. Постојат невладини организации кои имаат и теренски активности и кои in flagranti, на самото место забележуваат кривични дела и имаат податоци кои можат да помогнат во криминалистичката истрага.

## 11. ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ ГРАЃАНИТЕ ЗА ПОСЛЕДИЦИТЕ НА ЕКОЛОШКИТЕ КРИВИЧНИ ДЕЛА, НИВНО ПРЕПОЗНАВАЊЕ И ПРИЈАВУВАЊЕ

Со цел зголемување на свеста кај граѓаните за последиците на еколошките кривични дела, нивно препознавање и пријавување, потребно е во нареден период да се организираат кампањи, медиумска покриеност, активности на терен и сл., со кои ќе им се приближи овој вид на криминал на населението и на јавноста воопшто. Доколку граѓаните се сензибилизираат за штетните последици на еколошкиот криминал, знаат како и на кој начин да ги препознаат, сигурно ќе се зголеми и стапката на нивно пријавување, што ќе придонесе и за поголем број на откриени и процесирани еколошки кривични дела.

# Користена литература

1. Colantoni L., Sarno G.S., Bianchi M., Fighting environmental crime in Europe, Ambitus report, 2022
2. Закон за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.42/2014... бр. 89/22)
3. Закон за кривична постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр. 150/2010, 100/2012, 193/2016)
4. Закон за полиција („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/06 ... бр. 89/22) и Одлука на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 148/08)
5. Кривичен законик на РМ (Сл. весник на РМ бр. 37/96 ...........248/18), консолидиран текст 2024.
6. Малиш Саздовска М. Прирачник за истраги кај еколошки кривични дела, Факултет за безбедност, 2013,
7. Проценка на закани од организиран и сериозен криминал - среднорочен преглед, МВР, 2023 год.
8. Проценка на закани од организиран и сериозен криминал, МВР, 2021 година

https://www.iai.it/sites/default/files/ambitus_report.pdf
https://makstat.stat.gov.mk
https://mup.gov.hr/o-ministarstvu/387
https://mvr.gov.mk/page/organogram
https://www.police.uk/pu/services-information/rural-and-wildlife-crime/
https://www.gov.uk/government/organisations/environment-agency
https://bit.ly/ambitusfr

# Прилог 1: Органограм на МВР



# Прилог 2: Анализа на надлежните органи за сузбивање на еколошки криминал во Европска Унија

(извор: Colantoni L., Sarno G.S., Bianchi M., Fighting environmental crime in Europe, Ambitus report, 2022)

## АВСТРИЈА

Има посебна специјалнизирана единица.

Благодарение на одреден степен на специјализација на нејзините полициски сили и позитивната координација помеѓу регионалното и федералното ниво, акцијата против еколошкиот криминал во Австрија има ефикасно постапување.

## БЕЛГИЈА

Специјализирана единица - Федерална единица за јавно здравје и еколошки криминал (FUPHEC).

Во Белгија, еколошките злосторства се главно одговорност на трите региони (Фландрија, Валонија и Брисел), додека неколку работи се управуваат на федерално ниво. Оваа структура води до поделба и недостаток на соработка, особено поради различните јазици што се користат во регионите. За да се надмине оваа пречка е формирана „Заедничка министерска конференција за животна средина", а е создадена и посебна централна единица во рамките на белгиската федерална судска полиција (FUPHEC).

## БУГАРИЈА

Нема специјализирана единица.

Земја која е значително погодена од голем број еколошки злосторства, Бугарија сепак има корист од целосното прифаќање на законите на ЕУ. Сепак, недостатокот на имплементација и широко распространетата корупција, особено на административно и локално ниво, го попречуваат многу потребниот напредок во акцијата против еколошкиот криминал. Тековната соработка со другите земји-членки, особено со Италија, успеа да ја подобри ситуацијата за некои критични, прекугранични прашања, особено за трговијата со отпад.

## ХРВАТСКА

Нема специјализирана единица.

Сè повеќе вклучена во трговијата со отпад ширум ЕУ, Хрватска повеќе се фокусираше на еколошките злосторства во последниве години, но сè уште недостасува соодветно идентификување на релевантните трендови и ефективна акција, особено поради недостаток на специјализација во релевантните тела. Во Хрватска, Националната полиција е главната агенција за спроведување на законот која работи на еколошките кривични дела, придружувана од царинските власти за

прекугранични прекршоци. Во рамките на полицијата нема посебни единици за еколошки криминал, но има некои специјализирани службеници и на национално и на регионално ниво (само во најголемите пет од 20 окрузи) кои меѓу другите должности работат и на еколошки криминал. Во оваа полициска структура, еколошките кривични дела спаѓаат во опсегот на Одделот за убиства во рамките на Службата за општ криминал (заедно со крвните и сексуалните кривични дела и кривичните дела против општата безбедност).

### КИПАР

Нема специјализирана единица.

Кипар се соочува со внатрешно лошо управување со отпадот, шумски пожари се палат за да се здобијат со повеќе земјиште и кривични дела против дивиот свет, особено против птиците.

### ЧЕШКА

Нема специјализирана единица.

Усвојувањето на две национални стратегии за отпад и диви животни промовира секторска акција против еколошкиот криминал во Чешка, многу потребна и поради географската положба на земјата. Сепак, недостатокот на специјализација и на законодавни и извршни алатки во другите сектори претставуваат главни пречки за спроведување.

### ДАНСКА

Нема специјализирана единица.

Домашната ситуација со ниска стапка на криминал и висока законска усогласеност ја наведува Данска да го одложи усвојувањето на соодветна стратегија за еколошките кривични дела, додека нејзината вклученост во меѓународната трговија со отпад и диви животни станува се позаканувачка. Во Данска, Агенцијата за заштита на животната средина (ЕПА) е главниот административен орган кој го надгледува почитувањето на еколошките регулативи, со надлежности кои се движат од загадување на отпадот и водата до заштита на природата и видовите (CITES).

### ЕСТОНИЈА

Има специјализирана единица.

Сите еколошки прекршоци ги истражува Одборот за животна средина, дел од Министерството за животна средина. Согласно Законот за кривична постапка, предистражната постапка ја води Одборот за животна средина за кривични дела кои се однесуваат на повреда на условите за заштита и користење на животната средина и природните ресурси. Одборот за животна средина води и вонсудски прекршочни постапки, додека Окружното обвинителство се занимава со тешки еколошки прекршоци. Канцеларијата на јавниот обвинител е вклучена во случаи на прекугранични прекршоци. Земјата, исто така, има Агенција за животна средина, фокусирана најмногу на мониторинг, додека Одборот за животна средина тесно соработува со другите национални органи за спроведување на законот, особено со Одборот за полиција и гранична стража, поморската управа и одборот за даноци и царини.

## ФИНСКА

Нема специјализирана единица.

Со национална стратегија и моделот заснован на превенција, Финска е добро позиционирана во борбата против еколошките кривични дела. Но, постои недостаток на ресурси и затоа се откриваат само одредени случаи. Во Финска, во акцијата против еколошките кривични дела вклучени се и Националната полиција, царината и финската гранична стража. Полицијата нема специјализирано одделение за еколошки кривични дела, но има еден национален координатор во Националното биро за истраги. Царината има овластувања да започне истраги за еколошки кривични дела во рамките на нејзината надлежност, како што се заштита на дивиот свет или трговија со отпад.

## ФРАНЦИЈА

Има специјализирана единица - Централна канцеларија за борба против еколошки и јавно здравствени напади (OCLAESP)

OCLAESP е составена од персонал од Жандармеријата, полициските сили и техничките советници за животна средина и здравствени прашања, првично дизајнирани да се занимаваат со прашања поврзани со азбест. Нивните овластувања се значително зајакнати со законот за биолошка разновидност од 2016 година (LOI бр. 2016-1087), давајќи им пристап до најнапредните алатки за истражување.

## ГЕРМАНИЈА

Има специјализирана единица.

Државните полициски служби на германските покраини се одговорни за криминални еколошки прекршоци и се опремени со специјализирани единици, а има и административни органи одговорни за мониторинг и административно спроведување на законот. На национално ниво, Федералната полиција е одговорна главно за врски со Интерпол и Европол, соработка со административни и судски тела и обезбедување обука на полициските сили на државите.

## ГРЦИЈА

Има специјализирана единица, Грчки инспекторат за животна средина.

Грчкиот инспекторат за животна средина е главното тело кое го спроведува законодавството за животна средина во Грција. Тој е дел од Министерството за животна средина и енергетика и е поделен на две територијални јурисдикции, северна и јужна. Регионалните и децентрализираните власти имаат и специјализирани инспекциски единици за одредени области на животната средина. Инспекторатот се занимава со управни постапки, но постапува и по налог на јавниот обвинител за спроведување на прелиминарни истраги за сомнителни кривични дела. Во рамките на Министерството постојат и специјализирани одделенија, одговорни на пример за нелегално прекугранично движење на отпад или трговија со диви животни. Инспекторатот тесно соработува со Одделот за еколошка полиција, Дирекцијата за заштита на морска животна средина на крајбрежната стража, како и со Специјалниот секретаријат за Единица за финансиски и економски криминал (СДОЕ) подредена на Министерството за финансии за соодветни кривични дела.

### УНГАРИЈА

Има специјализирана единица.

Унгарските полициски сили, исто така, покажуваат соодветно ниво на специјализација, имајќи мала централна единица посветена на еколошките злосторства (брои 16 лица) и полицаец обучен на оваа тема во секоја полициска станица (кој е задолжен за истражување на повеќето еколошки кривични дела). Други органи вклучени на национално ниво се Министерството за земјоделство (за безбедноста на синџирот на храна, управување со CITES, управување со отпад и риболов и лов), Дирекциите на националниот парк, царината, различни владини канцеларии (инспекторатите на национално ниво во областа на управување со отпад, диви животни и безбедност на синџирот на храна), националниот Директор за управување со катастрофи (за контрола на транспортираните опасни материјали) и националниот орган за транспорт.

### ИРСКА

Има специјализирана единица.

Во Ирска, значајни одговорности за заштита на животната средина се доделени на Агенцијата за заштита на животната средина (ЕПА) и 31 локална власт. ЕПА има регулаторни функции и активности во врска со лиценцирање, како и овластувања за извршување, спроведени преку нејзината Канцеларија за спроведување на животната средина одговорна за гонење во врска со прекршување на лиценците. Локалните власти, исто така, се занимаваат со регулатива за животната средина и можат да гонат мали прекршувања на законодавството за животна средина. Националната полиција нема специјализиран персонал за еколошки кривични дела, но поддржува истраги на специјализирани надлежни органи (т.е., EPA, локални власти и др.) во најсериозните случаи.

### ИТАЛИЈА

Има специјализирана единица.

Еколошката единица на Карабинерите, Nucleo Tutela Ambientale, започнала со своите активности во 1986 година. Надлежните органи имаат локални надлежности, како и одговорност за CITES, дивиот свет и некои меѓународни соработки. Еколошката единица на Карабинерите, има регионални и национални надлежности за различни прашања, додека отпадот и меѓународните односи ги координира Централната команда на агенцијата. Националната полиција, крајбрежната стража, финансиската полиција (Guardia di Finanza) и другите локални и национални агенции, исто така, имаат ограничени еколошки надлежности.

### ЛАТВИЈА

Нема специјализирана единица.

Во Латвија, државната полиција спроведува истраги за сите криминални случаи против животната средина. Била формирана и група на специјалисти во рамките на латвиската полиција за да се фокусираат на овие прекршоци во 2009 година. Иако не постои обвинителство за еколошките злосторства, низа случаи кои се движат од загадување на воздухот, земјата и морето до неовластено депонирање на опасен отпад се под одговорност на специјализираното обвинителство, создадено

во 2009 година. Административните прекршоци ги работат регионалните институции: Државната служба за животна средина, Државниот инспекторат за шуми и ловство, Државната шумска служба и локалната полиција.

### ЛИТВАНИЈА

Нема специјализирана единица.

Во Литванија различни органи се занимаваат со еколошките кривични дела во зависност од правниот статус на предметното кривично дело. Според Законот за кривична постапка, полицијата е орган надлежен за предистражна постапка во сите случаи што се класифицираат како кривични дела.

### ЛУКСЕМБУРГ

Нема специјализирана единица.

Во Луксембург различни органи се одговорни за еколошки прекршоци, без централизирано одделение. Административното и кривичното право се користат во приближно ист дел. Кривичните дела против животната средина спаѓаат во надлежност на Јавното обвинителство. Истражните судии, исто така, имаат овластување за овие случаи и може да бидат поддржани од Големата војводска полиција во текот на истрагите. Административните прекршоци се поделени на неколку закони, а Големата војводска полиција е одговорна за случаите вклучени во Законот за заштита на природата. Други вклучени административни агенции се Управата за природа и шумарство, Управата за водостопанство, Управата за животна средина и Царинската управа и акцизите.

### МАЛТА

Нема специјализирана единица.

Акцијата против еколошкиот криминал во Малта е предводена од полициските сили на Малта кои, според Одделот за административно спроведување на законот, во голема мера работат на спроведување на прописите за лов и ловење, како и закони за благосостојба на животните и заштита на Натура 2000 и други еколошки области.

### ХОЛАНДИЈА

Има специјализирана единица - Полиција и единиците на инспекторатот.

Во Холандија, главните тела вклучени во борбата против еколошкиот криминал се: Инспекторатот за човекова средина и транспорт (ИЛТ) и неговата служба за разузнавање и истрага; Управата за безбедност на храна и потрошувачки производи (NVWA) и нејзината служба за разузнавање и истраги, Националната комора за еколошки кривични дела, националните полициски и царински органи.

Полицијата има специјализирани единици за криминал во животната средина и на национално и на регионално ниво.

## ПОЛСКА

Има специјализирана единица - Главен инспекторат за заштита на животната средина и координаторите при Одделенијата за економски криминал (Полиција)

Во Полска, Главниот инспекторат за заштита на животната средина (GIOŚ) е главниот специјализиран орган одговорен за спроведување на прописите за животната средина и за координација на 16-те соодветни регионални инспекторати. Во 2019 година Инспекторатот формира нов оддел и нов тим посветен на борбата против еколошкиот криминал. Други административни органи со надлежности за заштита на животната средина се GDOŚ - Генерален директор за заштита на животната средина и GIORIN - главен инспектор за заштита на растенија и семиња.

## ПОРТУГАЛИЈА

Има специјализирана единица.

Од 2001 година, Португалија формира централизирана единица за борба против еколошките злосторства, Serviço de Proteção da Natureza e do Ambiente (Дирекција за природа и животна средина, SEPNA), дел од Националната гарда на Републикана (GNR). Ова исто така ја опфаќа и португалската шумска служба во 2006 година. Голем број други власти работат на ова прашање, како што е BRIPA, цивилна полиција, исто така, фокусирана на урбаните области, IGAMAOT, т.е., Инспекторатот за животна средина на Министерството за животна средина, судската полиција и поморската полиција. Мониторингот го спроведува Португалската специјална служба за животна средина. SEPNA има надлежности над националната координација, брои околу 1.100 службеници и рутински се обучува за прекршоци во животната средина (околу два или три пати годишно). Неодамна, цивилите беа обучени да влезат во служба и да ги поддржуваат активностите на офицерите.

## РОМАНИЈА

Нема специјализирана единица.

Спроведувањето на животната средина во Романија е главно во рацете на националната полиција, нејзиниот Генерален инспекторат е задолжен за координација со локалните ограноци. Националната гарда за животна средина и националната агенција за риболов и аквакултура се двете главни агенции кои ја поддржуваат работата на полицијата во секторот за животна средина. Иако во полицијата сè уште не е формирана централизирана единица за еколошки кривични дела, во март 2022 година романското Министерство за внатрешни работи официјално ја изрази намерата да формира Директорат за истраги на еколошки кривични дела, со цел да се занимава со шумарство, риболов и други еколошки кривични дела. Специјализацијата на полициските сили за прашања од област а на животната средина сè уште е многу ограничена и не е направена на структуриран начин.

## СЛОВАЧКА

Има специјализирана единица во полицијата.

Во Словачка, акцијата против еколошкиот криминал ја води Одделот за откривање опасни материјали и еколошки криминал при Президиумот на полицискиот кор на Министерството за внатрешни работи, со една национална и осум регионални единици со специјализирани службеници. Полицијата на административно ниво соработува со Словачкиот инспекторат за животна средина и 72 одделенија за заштита на животната средина кои имаат функции за надзор и можат да изрекуваат административни казни.

## СЛОВЕНИЈА

Нема специјализирана единица.

Словенечката полиција е релативно мала полиција и претставува единственото тело задолжено за спроведување на законот за еколошки криминал. Има 12 специјализирани службеници, еден координатор за заштита на животната средина за секој регион и еден на национално ниво во Управата за криминалистичка полиција. Сепак, не постои специјализирана истражна единица и, наводно, ова е главната пречка за дејствување против еколошките кривични дела. Полицијата соработува со Инспекторатот за животна средина и просторно планирање, финансиската управа и царината, кои се одговорни за еколошки прекршоци.

## ШПАНИЈА

Има  специјализирана единица. (SEPRONA, дел од Guardia Civil)

Шпанија ја има една од најголемите и најструктурирани агенции за случаи на животна средина, единицата за заштита на природата (SEPRONA) на Цивилната гарда. Активностите на SEPRONA започнале во 1986 година и единицата сега брои околу 1.800 целосно обучени агенти, со офицери и под-единици, исто така, специјализирани за конкретни прекршоци, како што се шумски пожари или кражба на вода.

## ШВЕДСКА

Специјалнизирана единица - Делумно.

(Шведската полициска управа/Одделот за национални операции: Една разузнавачка единица за заштита на отпадот и видовите/CITES, една истражна единица за заштита на видовите/CITES и една единица за развој/образование.

Шведската полиција/Регионално ниво: Седум единици за истрага на криминал во животната средина.

Обвинителството има специјализирано Национално одделение за предмети за животна средина и работна средина).

Меѓу главните пречки за дејствување против еколошкиот криминал, шведската полиција го истакнува недостатокот на јасност и прецизност во регулативите и проблемите во толкувањето на законите (исто така делумно поради недостатокот на консолидирана практика за голем број теми).

Главната одговорност на шведската полиција во спречувањето и борбата против еколошките кривични дела е да спроведе криминални истраги. На регионално ниво, постојат седум истражни единици специјализирани за еколошки криминал. Националното ниво на полицијата нема специјализирана истражна единица за криминал со отпад, само за криминал со диви животни. Националното ниво на полицијата има три главни одговорности кои се однесуваат на криминалот со отпадот и дивиот свет: 1. стратешки прашања, како што се развојот на полициските методи на работа, прирачници и проценка на потребите за обука, 2. координација на разузнавачките активности против организираниот отпад и криминалот во дивиот свет. и 3. форензичка работа во Националниот форензички центар.  Националниот разузнавачки тим за криминал со отпад се проширил во последните години. Шведската полициска управа е исто така одговорна да им помага на надзорните органи доколку им треба помош да пристапат, на пример, до имот или зграда, или да отворат контејнер за да ја проверат неговата содржина.